4315.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за исплата на платите во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 септември 2014 година.

Бр. 07- 3508/1
16 септември 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за изменување на Законот за исплата на платите во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 145/2012), членот 1 се менува и гласи:

"Работодавачот утврденото право на плата во 2014 година може да го зголеми за 4% започнувајќи со исплатата за октомври 2014 година".

Член 2

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди Пречистен текст на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува со исплатата на платите за октомври 2014 година.

_____

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR PAGESË TË RROGAVE NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

Neni 1

Në Ligjin për ndryshimin e Ligjit për pagesë të rrogave në Republikën e Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 145/12), neni 1 ndryshohet si vijon:

"Punëdhënësi të drejtën e përcaktuar të rrogës në vitin 2014 mund ta zmadhojë për 4% duke filluar me pagesën për tetor 2014".

Neni 2

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë që të përcaktojë Tekst të spastruar të Ligjit për pagesë të rrogave në Republikën e Maqedonisë.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse do të zbatohet me pagesën e rrogave për tetor 2014.

_____

4316.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 септември 2014 година.

Бр. 07- 3510/1
16 септември 2014 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЛАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за изменување на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 145/12), членот 1 се менува и гласи:

"Платите на избраните и именуваните лица во Републиката во 2014 година може да се зголемат за 4% започнувајќи со исплатата на платите за октомври 2014 година".

Член 2

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди Пречистен текст на Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува со исплатата на платите за октомври 2014 година.